**Република Северна Македонија**
**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**
**07 СУ.бр.328/21**
**06.04.2021 година**
**СКОПЈЕ**

Судскиот администратор на ***ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ Дејан Нешовски,*** врз основа на член 36 од Законот за судска служба (Службен весник на РМ бр.43/14, 33/15, 98/15, 06/16, 198/18 и 248/18), по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.2/2021, за работно место „Помлад соработник-преведувач" од категорија „В" ниво „В4", по доставениот Предлог за најдобро рангирани кандидати за вработување 07 Су.бр.276/21-4 од 05.04.2021 година од Комисијата за селекција за вработување, на ден 06.04.2021 година, ја донесе следната:

***ОДЛУКА***

За работното место „Помлад соработник-преведувач" од категорија „В" ниво „В4" (1-еден извршител) се избира следниот кандидат:

**1.ХАЛИМЕ ЏЕМАИЛИ од Скопје, со шифра 2-2021/19-02-002**

Решение за вработување на судски службеник на неопределено време ќе се донесе по конечноста на оваа одлука, согласно чл. 37 од Законот за судска служба.

***Образложение***

Од страна на Основниот кривичен суд Скопје, во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" на ден 19.02.2021 година и на интернет страницата на судот објавен е Јавен оглас бр.2/2021 за вработување на 2-ДВА судски службеници, меѓу кои и за работното место „Помлад соработник-преведувач" од категорија „В" ниво „В4" (1-еден извршител), под реден број 1 од јавниот оглас.

По спроведената постапка за селекција за вработување, Комисијата за селекција за вработување на судски службеници, согласно Законот за судска служба (Службен весник на РМ бр.43/14, 33/15, 98/15, 06/16, 198/18 и 248/18) и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на докази и интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници (Сл.Весник на РМ бр.236/18 од 24.12.2018 година), по изборот на најдобро рангираните кандидати од соодветните листи до Судскиот администратор достави Предлог за најдобро рангирани кандидати за вработување 07 Су.бр.276/21-4 од 05.04.2021 година.

Со Предлогот за најдобро рангирани кандидати за вработување 07 Су.бр. 276/21-4 од 05.04.2021 година, за работното место „Помлад соработник-преведувач" од категорија „В" ниво „В4" (1-еден извршител), Комисијата за селекција за вработување како најдобро рангиран кандидат го предложи кандидатот со шифра бр. 2-2021/19-02-002 – Халиме Џемаили, албанка од Скопје.

Судскиот администратор, имајќи го во предвид доставенот Предлог за најдобро рангирани кандидати за вработување 07 Су.бр.276/21-4 од 05.04.2021 година со предлог за избор на најдобро рангираниот кандидат за работното место „Помлад соработник-преведувач" од категорија „В" ниво „В4" (1-еден извршител), го избра кандидатот Халиме Џемаили од Скопје.

Со оглед на наведеното, согласно чл.36 од Законот за судска служба (Службен весник на РМ бр.43/14, 33/15, 98/15, 06/16, 198/18 и 248/18), следуваше да се одлучи како во изреката на оваа одлука.

Примерок од одлуката да се достави до избраниот кандидат, кандидатите од ранг-листата кои не се избрани, истата да се објави на интернет страницата на судот и на огласната табла на судот.

***СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР НА***
***ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ***
***Дејан Нешовски***

***ПОУКА:*** Против оваа одлука кандидатот кој не ѐ избран има
право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот
на одлуката за избор преку овој суд до Советот на судска служба

Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.